РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. 09-2055/1
31.08.2022 год.
РЕСЕН

# ЈАВЕН ПОВИК

## За пријавување за еднократна парична помош на семејства на првоодделенчињата запишани во основните училишта на територија на Општина Ресен

Општина Ресен оваа година за прв пат доделува еднократна парична помош на семејствата со прваче во висина од 2.000,00 денари.

За оваа намена, Општината има издвоено околу 222.000,00 денари од сопствениот Буџет за 99 првачиња.

Ги покануваме родителите што поскоро да се пријават за еднократна парична помош од 2.000,00 денари што ги доделува Општина Ресен на првоодделенчињата запишани за учебната 2022/23 година во основните училишта на нејзината територија.

Родителите на првачињата запишани во едно од училиштата на територијата на општината можат да поднесат барање за еднократната парична помош во услужен центар во Општина Ресен од **31.08.2022** до **05.09.2022 година**.

Образецот може да се подигне во услужен ценнтар на Општина Ресен или на веб страницата на Општина Ресен www.resen.gov.mk .

Во прилог на барањето е потребно да се доставаат следниве документи:

1. Потврда за запишан ученик во прво одделение во учебната 2022/2023 година заверена од основно училиште од територијата на Општина Ресен.

2. Фотокопија од извод од матичната книга на родените (за првачето);

3. Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа на еден од родителите, од која се видни податоците за живеалиштето во општина Ресен ;

4. Фотокопија од активна трансакциска сметка на истиот родител (даночен обврзник) од кој е приложена копија од личната карта или патната исправа.

Барањата можат да се поднесат секој работен ден од 9:00 до 15:00 часот во услужен центар во Општина Ресен

Градоначалник

Јован Тозиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН